16.01.2017г.

# О Д Л У К А

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) по жалбата на Народна банка на Република Македонија, за текстот со наслов "Груевци во паника од пораз масовно ги вадат парите од земјава, Народна банка со извештај со одливот на девизи!", објавен на 02.12.2016 година, во 00:02 часот, на Интернет порталот Мактел (www.maktel.mk)**

## Ж А Л Б А Т А   Е   О С Н О В А Н А

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, 13 и 14.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

Член 13.

*"Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот."*

Член 14.

*"Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти."*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 07.12.2016 година, Димитар Богов, Гувернер на Народна банка на Република Македонија поднесе жалба за текстот со наслов "Груевци во паника од пораз масовно ги вадат парите од земјава, Народна банка со извештај со одливот на девизи!", објавен на 02.12.2016 година, во 00:02 часот, на Интернет порталот Мактел (www.maktel.mk).

Во образложението на жалбата се наведува дека насловот не кореспондира со содржината на текстот, односно изнесува тврдење коешто не произлегува од податоците на НБРМ, ниту, пак, може да се потпира на нив. Од друга страна, се вели во жалбата, медиумот имплицитно го претставува тврдењето од насловот како податок или констатација којашто произлегува од податоци објавени од страна на НБРМ.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет порталот Мактел и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Наведениот Интернет портал не достави одговор на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстот е ОСНОВАНА.

***

На седницата на 21.12.2016 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и направи увид во наведениот текст.

Констатираше дека целокупниот текст е преземен од интренет порталот sdk.mk од веста со наслов **"Од Македонија најмногу пари се одлеале кон Бермуда – 8,5 милиони евра за девет месеци"**, со кој се информира за одливот на пари кон други земји. Интернет порталот Мактел веднаш под текстот го

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

наведува изворот од каде што е преземена веста и поставува активен линк кој води до оригиналната содржина.

Со оглед на тоа дека веста е преземена и јасно е наведен изворот на оригиналната вест, Комисијата најде дека нема надлежност да се вмешува во облигациските односи меѓу двата интернет портали околу начинот и условите за преземање, дотолку повеќе што нема жалба од порталот sdk.mk

Евидентно од споредбата на двата текстови е тоа дека тие се идентични, но порталот "Мактел" целосно го изменува насловот и става свој: ***"Груевци во паника од пораз масовно ги вадат парите од земјава, Народна банка со извештај со одливот на девизи!"***

Членовите на Комисијата најдоа дека конкретниот наслов на порталот "Мактел" воопшто **не соодветствува со преземената содржина** од веста "Од Македонија најмногу пари се одлеале кон Бермуда – 8,5 милиони евра за девет месеци" и дека тој претставува индивидуален заклучок на уредникот/новинарот кој ја презел, со што не се прави разлика меѓу веста и коментарот.

Со оглед на тоа што новинарскиот производ е објавен за време на изборна кампања, Комисијата најде дека порталот "Мактел" не известувал балансирано и не обезбедил професионална дистанца од политичките субјекти.

***

Комисијата за жалби најде дека во спорниот текст "Груевци во паника од пораз масовно ги вадат парите од земјава, Народна банка со извештај со одливот на девизи!", објавен на 02.12.2016 година, во 00:02 часот, на Интернет порталот Мактел, прекршен е член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој насловот или најавата на прилогот мора да одговара со неговата содржина.

Понатаму, Комисијата најде дека е прекршен член 13 од Кодексот, според кој новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

Комисијата утврди дека е прекршен и член 14, според кој известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти.

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Теофил Блажевски, Беким Ајдини, Сефер Тахири, Гоце Герасимовски и Мери Јордановска.

**Се обврзува Интернет порталот Мактел (www.maktel.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595